Република Македонија
ЈУ ЦЕНТАР ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНА УСТАНОВА ЦЕНТАР ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ
Бр. 03-208/1
28.02 2018 год.
СКОПЈЕ

ЦОВ-СД-ОБ-03

# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

**Политиката за квалитет** на ЈУ Центар за образование на возрасните како јавна установа за образование на возрасните, е да ги хармонизира и интегрира јавните интереси и интересите на социјалните партнери во поглед на образованието на возрасните во Република Македонија, координира соработка со меѓународни институции и организации во областа на образованието на возрасните, обезбеди квалитетен систем на образование на возрасните во согласност со европските стандарди и практики преку воспоставување на стандарди и критериуми кои ќе обезбедат квалитетно формално и неформално образование на возрасните и создавање на квалитетна и конкурентна работна сила на пазарот на трудот со поддршка на социјалното партнерство.

**Мисијата на Центарот** е да промовира систем на образование на возрасните кој ќе биде функционален, модерен и во согласност со стандардите на Европската Унија, систем кој ќе обезбеди висок квалитет на учење и можности за стекнување на квалификации во согласност со потребите на населението, ќе ја зголеми вработливоста и ќе го развие претприемништвото, ќе ги задоволи потребите на пазарот на трудот и ќе придонесе во економскиот, општествениот и личниот развој.

**Основната дејност на Центарот за образование на возрасните** е да развие модерен и квалитетен систем на образование на возрасните (формално и неформално) во правец на вршење развојни, советодавни, истражувачки и стручни работи од областа на образованието на возрасните според Законот за образование на возрасните, квалитетно и транспарентно работење и одговорност за резултатите, негува отворен и одговорен пристап кон граѓаните, правните лица, меѓународните партнери, јавните претпријатија, државните институции, вработените и целокупната општествена заедница.

**Нашата главна цел** е овозможување на ефективен систем за менаџмент со квалитет, ориентиран кон законитост, стручност, чесност, непристрасност, професионалност, самостојност, економичност, одговорност, совесност, ефикасност, ориентиран кон:

- постигнување заеднички цели и интереси преку воспоставување и негување на високопрофесионални односи со вработените во ЈУ Центар за образование на возрасните, Министерството за образование и наука, Министерство за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување на Република Македонија, Државниот завод за статистика, меѓународни институции и организации од областа на образование на возрасните, социјалните партнери и други;
- континуирано унапредување на вработените во ЈУ Центар за образование на возрасните преку обуки, работилници со цел зајакнување на индивидуалните способности и одговорности на вработените, како и следење на образованието на возрасните согласно европските стандарди;
- социјална одговорност да ја заштитиме животната средина, а нашите идеи, размислувања и активности се насочени кон идните генерации;

# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

- обврска е на секој вработен во ЈУ Центар за образование на возрасните да учествува во создавањето клима на доверба кај сите социјални партнери за квалитетот на извршената работа;
- обезбедување на континуирано подобрување и целосно исполнување на барањата согласно со меѓународниот стандард за менаџмент со квалитет ИСО 9001:2015;
- во ЈУ Центар за образование на возрасните се ангажираат вешти и искусни лица совесни, одговорни при вршење на работни задачи согласно Законот за образование на возрасните;
- зголемување на квалитетот на услугите кон крајните корисници како и зголемување на нивното задоволство преку исполнување на нивните барања и очекувања;
- разбирање на контекстот на институцијата;
- размислување базирано на ризиците и можностите;
- перцепциите на засегнатите страни;
- политиката за квалитет на ЈУ Центар за образование на возрасните е документирана, имплементирана и достапна во јавноста за информирање на нашите делувања до сите вработени и сите граѓани на Република Македонија преку веб страната: http://www.cov.gov.mk.

Скопје, __________ 2018

ДИРЕКТОР

______________________

Lindita Qazimi